**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 13.11.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4966 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 октомври 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
   (1) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.
   (3) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

6. **Претходно изречена мерка:**
   *На 26 август 2019 година, за непочитување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-420 од 26.08.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид.*
   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (02.09.2019г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, емитуван на 24 октомври 2019 година, на локално ниво, **констатирано е дека не постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни**

**медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервиси се обврзани најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела дневно, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 24 октомври 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, емитуваше 8 часа 1 минута и 52 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **38%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 8 минути и 19 секунди).

Половина од законскиот минимум (од 06:20:30) е 3 часа 10 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 29 минути и 6 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 41 минута и 9 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, на 24 октомври 2019 година, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 26.08.2019 година, Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид продолжи со вршење на повредата од член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***